


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2017

# ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО

## 2017 ГОДИНА


AMALFI TOURS



ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ 5

I. РЕГУЛАТОРНА РАМКА 9
I.1. ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА 9
I.2. АКЦИЗИ 9
I.3. ДРУГА РЕГУЛАТИВА КОЈА ИМА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЦАРИНСКОТО РАБОТЕЊЕ 10

II. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА 11
II.1. ЗАЕДНИЧКИ ТРАНЗИТЕН СИСТЕМ НА ЕУ И ЕФТА ЗЕМЈИТЕ 11
II.2. ЦАРИНА 2020 – ПРОГРАМА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА 12
II.3. ПРОЕКТИ ПОДДРЖАНИ ОД ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА) 12
ЗАВРШЕНИ ИПА ПРОЕКТИ 12
ИПА ПРОЕКТИ ВО ТЕК 12

III. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА 13
III.1. НОВ КОНЦЕПТ ЗА РАЗВОЈ НА КОМПЕТЕНТНИ ВРАБОТЕНИ 14
III.2. ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ ВО 2017 ГОДИНА 14
III.3. КУРСЕВИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ 14
III.4. ИНТЕГРИТЕТ 15
III.5. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА 16

IV. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ 17
IV.1. УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ФОРМАЛНОСТИ 17
IV.1.1. ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР – ОЕО 18
IV.1.2. ЗАЕДНИЧКИ ГРАНИЧНИ КОНТРОЛИ – ПРОЕКТ "ONE STOP SHOP" 18
IV.2. Е-ЦАРИНА 18
IV.2.1. НОВ СОФТВЕР ЗА ОБРАБОТКА НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ 18
IV.2.2. EXIM 19
IV.3. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ РАБОТИ 19
IV.3.1. ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА И ЛИЦЕНЦИ ВО 2017 ГОДИНА 19
IV.3.2. ОБРАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ – 1,02 МИЛИОНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ 20
IV.4. ПРОМЕТ НА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА (ТМВ) НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ВО 2017 ГОДИНА 20
IV.5. НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ 21

V. КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ 23
V.1. ЦАРИНСКА И ДРУГА КОНТРОЛА 23
V.1.1. ФИЗИЧКА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА 23
V.1.2. ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА 28
V.2. РЕЗУЛТАТИ ОД ПОСТЦАРИНСКА КОНТРОЛА 28
V.3. ДОПОЛНИТЕЛНА НАПЛАТА НА УВОЗНИ И АКЦИЗНИ ДАВАЧКИ 28
V.4. КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ 28
V.5. ЦАРИНСКИ, ДЕВИЗНИ И АКЦИЗНИ ПРЕКРШОЦИ 29
V.6. УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ОПЕРАЦИИ 29
V.7. ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ 29

VI. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА 31
VI.1. ПОЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ 31
VI.2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 32
VI.3. БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА 33
VI.4. СОРАБОТКА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА 34
VI.5. ИНТЕРНЕТ И ИНТРАНЕТ 35

CUSTOMS
ЦАРИНА



*Почитувани,*

*Напредокот и резултатите што ги постигнавме изминатата година ја отсликуваат нашата посветеност на целта што произлегува од мисијата на Царинската управа за заштита на финансиските интереси и општеството, економскиот развој и олеснување на трговијата.*

*Основната улога на Царинската управа е наплата на увозните давачки и даноци, но подеднакво важна е и нејзината посветеност на заштитата на здравјето и безбедноста на граѓаните, како и сигурноста на општеството во целина.*

*Царинската управа е на првата линија на одбрана на економијата и интересите на државата, борејќи се против бројни нелегални и забранети активности, во насока на обезбедување на општа благосостојба. Нејзиниот основен приоритет е да обезбеди одржлив економски раст преку зголемување на конкурентноста и инвестициите, подобрување на деловното опкружување и создавање еднакви можности за сите претставници на деловната заедница. Оваа цел ќе се постигне преку олеснување на трговијата и воспоставување на едноставни и транспарентни процедури во доменот на нашето работење.*

*Свесни сме дека основен услов за постигнување на визијата да бидеме водечка Царинска управа во регионот која ќе биде целосно усогласена со стандардите на Европската унија е и модернизацијата на администрацијата, развојот на човечките ресурси и ИТ капацитетите, подобрување на условите за работа и одржување на високи стандарди за интегритет на вработените.*

*Примената на високи стандарди во работењето за постигнување на поголема ефикасност, ефективност, достапност и доверливост ќе ја реализираме преку континуирано инвестирање во унапредување и развој на управувањето со човечките ресурси кои претставуваат движечка сила за постигнување на поставените стратешки цели.*

*Нашата заложба за постигнување на високо ниво на доверба во јавноста ќе продолжи преку соодветна примена на законската регулатива, обезбедување еднаквост и праведност, професионалност и одговорност, отчетност и транспарентност и соработка со деловната заедница.*

*Постигнатите резултати ја потврдуваат посветеноста, ентузијазмот и систематската работа на вработените во Царинската управа.*

*Ја користам оваа прилика да им искажам признание за успехот на сите вработени во Царинската управа и да ги повикам заедно да продолжиме понатаму, со поголем ангажман и ентузијазам кон поголеми успеси во наредните години.*

*Со почит,*
*Директор*
***м-р Ѓоко Танасоски***

# СТРАТЕШКА МАПА НА ЦАРИНСКАТА У

## ВИЗ

Да бидеме водечка Царинска управа во регионот ш
и која ќе биде целосно усогласена с

### Олеснување на трговијата

- Усогласување со Европската унија
- Олеснување и забрзување на протокот на стоки и патници
- Едноставни и предвидливи процедури и формалности
- Пристап ориентиран кон клиентот и партнерства



### Наплата на приходи и заштита на финансиските интереси

- Ефикасна наплата на приходи
- Подобрување на системот за управување со акцизи
- Зајакнување во областа на „Вредност, тарифа и потекло"

## МИС

Да ги заштитиме финансиските интереси и општеств
преку соработка, олесн

# ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ИЈА
то ќе дава силна поддршка на легалната економија
о стандардите на Европската Унија



- Ефективни и ефикасни контроли
- Зајакнување во областа "забрани и ограничувања”
- Зајакнување на борбата против царински измами и криминалот
- Одржливи меѓународни односи за сигурен синџир на набавки

### Заштита на општеството

- Зајакнување на УЧР
- Спречување на несоодветно однесување и конфликт на интереси
- ИТ развој
- Подобрување на работните процеси
- Ефикасно и транспарентно управување со јавните финансии
- Транспарентност

### Модернизација

## ЗИЈА
ото, истовремено поддржувајќи го економскиот развој
ување и модернизација.



# I. РЕГУЛАТОРНА РАМКА

## I.1. ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА

Царинската управа е континуирано насочена кон поедноставување на царинските постапки, зголемување на конкурентноста на домашната економија и намалување на трошоците на економските оператори, како и усогласување на царинските закони и прописи со правото на Европската Унија.

Во 2017 година донесени се следните измени и дополнување на законски и подзаконски акти:

- Објавени 4 **Уредби за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија**
- Објавена е **Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2018 година**
- Објавени се **Листите на квоти за првото полугодие на 2018 година** за увоз на стока. Распределбата на квоти се врши по принципот „прв дојден, прв корисник“ преку ЕКСИМ системот, при што на увозниците им се овозможува бесцарински или увоз со намалени давачки во рамки на одредени количини на квоти.

## I.2. АКЦИЗИ

Кон крајот на 2017 година се донесе **Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите** кој се применува од 1 јануари 2018 година. Со измените се зголемува акцизата на гасното масло за 3 денари.






## I.3. ДРУГА РЕГУЛАТИВА КОЈА ИМА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЦАРИНСКОТО РАБОТЕЊЕ

**Дополнителниот протокол 5 на Договорот за изменување и пристапување на Централноевропскиот договор за слободна трговија** усвоен во мај 2017 година во Белград, во присуство на сите ЦЕФТА страни, а ратификуван во јануари 2018 година, овозможува олеснување во трговијата кое ќе се постигне преку воспоставување на транспарентни средства и поедноставување на царинските и трговските процедури за елиминирање на можните ризици во извозот.

Поради можностите за усогласувањето и олеснувањето на постапките при извозот и увозот на стоките, се оценува дека со овој Протокол во значителна мерка ќе се подобри протокот на стоки, а со тоа и трговската размена во регионот. Соодветно, се очекува зголемување на трговската размена на Република Македонија, а освен во рамки на регионалниот пазар, Дополнителниот протокол треба да овозможи и зголемена размена особено со пазарите на Европската унија.

# II. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

Во 2017 година посебно место во агендата на Царинската управа имаат активностите насочени кон перманентно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Македонија, исполнување на техничките и организациските барања, развој на административниот капацитет, како и проширување на јавната свест за начинот и филозофијата на функционирањето на Царинската унија.

## II.1. ЗАЕДНИЧКИ ТРАНЗИТЕН СИСТЕМ НА ЕУ И ЕФТА ЗЕМЈИТЕ

Конвенциите за заедничката транзитна постапка и за поедноставување на формалностите при трговија со стока обезбедуваат единствено движење на стоката во рамките на земјите членки, од една влезна точка до местото на завршување на транзитната постапка, без разлика на тоа низ колку држави и гранични премини стоката треба да транзитира. Електронската транзитна декларација со која е започната транзитна постапка во која било земја членка на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка е прифатлива за сите земји членки на Конвенцијата.

Во 2017 година:

- Обработени вкупно 64.830 царински декларации во заедничката транзитна постапка (транзит од Република Македонија за ЕУ и ЕФТА земјите);
- Од странските царински испостави примени се вкупно 20.059 транзитни движења во кои нашите испостави се нотирани како одредишни испостави (транзит од ЕУ и ЕФТА земјите за Република Македонија);
- Низ територијата на Република Македонија транзитирале вкупно 39.893 транзитни движења;
- Издадени вкупно 134 одобренија на економските оператори со кои им се овозможува пристап кон Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) и 55 одобренија на главните обврзници за користење на банкарска гаранција во заедничката транзитна постапка.

## II.2. ЦАРИНА 2020 – ПРОГРАМА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

CUSTOMS 2020

Во 2017 година на 26 настани (обуки, семинари, работилници и работни групи) учествувале 38 учесници.

## II.3. ПРОЕКТИ ПОДДРЖАНИ ОД ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА)

Во рамки на Националната програма за искористување на фондовите од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), Царинската управа се јавува како корисник на средства за следните проекти:

### Завршени ИПА проекти

➢ Проект **„Техничка помош за изработка на идеен проект, основен проект и тендерска документација за изведбени работи на ГП Табановце и Ќафасан" (ИПА 2011)**. Проектот е успешно завршен во септември 2017 година.

➢ Проект **„Надградба на објектите за царинење на ГП за патен промет Табановце" (ИПА 2012)** → цел проширување и пренамена на постојниот царински терминал за увоз и извоз на стока за дополнителни 4.000 метри квадратни; изградба на две коловозни ленти на ГП за излез од РМ; изградба на придружни објекти. Проектот е завршен во 2017 година. Се очекува да придонесе кон подобрување на инфраструктурата и зголемување на пропусната моќ на преминот и забрзување и олеснување на стоковата размена и транспортот долж Пан – европските коридори 10;

### ИПА проекти во тек

➢ Проект **„Реконструкција на објектите за царинење и инспекција на ГП за патен промет Ќафасан" (ИПА 2013)** → започна во октомври 2017 година. Се предвидува градба на нов царински терминал од 9.500 метри квадратни, пристапни патишта, објекти за царинење и за други инспекциски органи, реконструкција на постојните објекти на најфреквентниот граничен премин кон Република Албанија. Со реконструкцијата на преминот, долж Пан – европските коридори 8 се создаваат услови за натамошно забрзување на прекуграничниот промет. Завршувањето на градежните работи се предвидува кон крајот на 2018 година.

➢ Во август 2017 година започна имплементацијата на Проектот **„Зајакнување на оперативни и институционални капацитети на Царинската Управа" (ИПА 2013)** за зголемување на ефикасноста при откривање и спречување на царински измами преку поефикасни и таргетирани контроли; засилување на капацитетите за контроли по царинење; примена на современи лабораториски методи и средства; олеснување на трговијата преку усовршување на анализата на ризик согласно стандардите на ЕУ. Во рамките на проектот во 2018 година ќе се обезбеди современа опрема за царинска лабараторија;

# III. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Царинската управа и во текот на 2017 година континуирано инвестираше во унапредување и развој на управувањето со човечки ресурси, сметајќи ги човечките ресурси за движечка сила за постигнување на поставените стратешки цели за интеграцијата во ЕУ и унапредување на ефикасноста на работата на институцијата.

<u>вработени 1.110 лица → (331 жени –29,82%, 779 мажи – 70,18%)</u>

2 лица со статус на **функционери (директор и заменик директор)**,

997 лица се со статус на **царински службеници**

11 лица се со статус на **административни службеници**

и 100 лица се со статус на **работници** согласно Законот за работни односи.

Од кои:




- Доктор на науки – 2
- Магистер – 41
- ВСС – 637 (61%)
- ВИША СС – 17
- ССС – 393
- Останати – 24



## III.1. НОВ КОНЦЕПТ ЗА РАЗВОЈ НА КОМПЕТЕНТНИ ВРАБОТЕНИ

Кај вработените ќе се развива и надградува не само нивното знаење, туку и вештините и однесувањата. Целиот овој систем за управување со човечки ресурси и обука на вработените и натаму ќе се надградува и усогласува со Рамката на царински компетенции на Европската комисија. На овој начин вработените во Царинската управа ќе ги исполнуваат европските стандарди за професионален царински службеник.

Знаење x Вештини x Ставови = Компетентен вработен

## III.2. ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ ВО 2017 ГОДИНА

Во 2017 година одржани се следниве позначајни обуки:




- Безбедност на информации;
- Работилница на тема „Проценка на ризикот од корупција во институциите од јавниот сектор – утврдување на ризикот од корупција и други неетички ризици и планирање на решенија и мерки за нивно надминување";
- Интегритет на административни службеници;
- Регионален семинар за истраги на компјутерскиот и интернет криминал.

## III.3. КУРСЕВИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ

Како дел од активностите за усогласување со законодавството на Европската унија, Царинската управа отпочна со превод на курсевите за електронско учење на Европската комисија, поврзани со примената на Царинскиот закон на Унијата, кој стапи на сила на 1 мај 2016 година. Овие курсеви се наменети како за царинските службеници, така и за бизнис заедницата.



## III.4. ИНТЕГРИТЕТ

**За успешно справување со корупцијата, судирот на интереси и други видови на злоупотреба на службените должности, од суштествено значење е градењето и унапредувањето на интегритетот на царинскиот службеник и на Царинската управа како целина.**




- Врз основа на Планот на активности, примените поплаки, информациите примени на отворената царинска линија 197, како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа:

> *спроведени се **74 внатрешни истраги** → во **23** случаи се утврдени **неправилности** и дадени се препораки за отстранување на истите*

- Во врска со постапувањето на вработените согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти и оперативните инструкции на Царинската управа,

> *извршени се **44 внатрешни контроли** → од кои во **16** случаи се констатирани **неправилности***

- Преку **отворената царинска телефонска линија (197)** беа примени **23 поплаки и 6 „online" пријави** за незаконско, непрофесионално и коруптивно постапување на царинските службеници, пристигнати преку сервисот за пријавување на корупција на Интернет страницата на Царинската управа.

- Промотивна кампања **„Стоп за корупцијата"** која ја спроведува Царинската управа има за цел подигнување на јавната свест за пријавување случаи на корупција, судир на интереси и злоупотреба на службените овластувања на царинските службеници. Во брошурите дистрибуирани за време на кампањата се укажа на штетните последици кои ги предизвикува корупцијата, преку уривање на основните општествени вредности и злоупотреба на институционалните капацитети во полза на нелегални цели и интереси, како и за начинот на кој граѓаните можат да го искористат своето право и да се спротистават на коруптивните предлози, со пријавување на таквите случаи.



- Од воведувањето на **инструментот CAF**, како една од најдобрите алатки за управување со квалитет во институциите, со која се донесе План за подобрување на состојбите во Царинската управа, во текот на 2017 година се имплементираа и целосно реализираа 19 мерки или 52,8%, додека во тек на реализација се 11 мерки или 30,5% од вкупно предвидените мерки.

## III.5. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Во 2017 година извршени:

> *__17 внатрешни ревизии__ → утврдени __60 наоди__ → дадени се __63 препораки за подобрување на работењето.__*



# IV. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

## IV.1. УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ФОРМАЛНОСТИ




Царинската управа своите активности интензивно ги фокусира кон имплементација на добри практики со цел олеснување и забрзување на протокот на стоки од и кон Република Македонија. Перманентно работиме на одржување на постојните и воведување на нови можности за олеснување и забрзување на царинските постапки и условите за нивно спроведување, со поддршка од информатичка и комуникациска технологија.

Наши планови за олеснување и забрзување на протокот на стоки од и кон РМ:

- Ќе продолжиме со имплементација на реформите за олеснување на трговијата во насока на целосно усогласување на домашната легислатива и постапки со одредбите на СТО и Протоколот 5 на ЦЕФТА за олеснување на трговијата.
- Ќе превземеме дополнителни активности за имплементација на реформите за олеснување на трговијата преку:
  - поголема и транспарентна достапност на информации потребни за увоз-извоз на стоки;
  - имплементација на нови софтверски решенија за обработка на царински декларации - без хартија и
  - воведување на систем за следење на “pre-arrival” информации што ќе овозможи сите царински процедури да бидат завршени во внатрешноста, а преку границите пратките слободно да поминуваат без дополнителни задржувања.
- Поактивно ќе работиме на концептот за воведување на овластен економски оператор.
- Ќе се насочиме кон ревидирање на EXIM системот со што ќе се разграничи и ќе се намали бројот на потребните дозволи за внес и пуштање на стоки во слободно движење.
- Ќе формираме заеднички тимови за контрола на граничните премини со цел олеснување на протокот на стоки на границите.

### IV.1.1. Овластен економски оператор - ОЕО

Македонските компании ќе ги охрабруваме да се здобијат со статус на Овластен економски оператор за да можат да се вклучат во синџири на снабдување во рамки на ЦЕФТА и да добијат меѓународно признавање.

*Со меѓународното признавање во рамки на ЦЕФТА, македонските ОЕО ќе ги добијат следниве погодности:*

- *помалку безбедносни и технички контроли,*
- *признавање на деловните партнери како доверливи партнери во царинско работење,*
- *приоритетен третман при царинење и механизми за континуитет на деловното работење.*

Практично кажано, доколку една македонска компанија има статус на меѓународно признат ОЕО, при извозот на стоки во било која земја на ЦЕФТА, таа ќе има третман на „домашна“ компанија, како компаниите на земјата домаќин. Истиот третман, ќе го имаат и ОЕО при увозот во Република Македонија.

Со понатамошното интегрирање во ЕУ, овој процес на меѓусебно и меѓународно признавање ќе важи и со земјите-членки на ЕУ.

### IV.1.2. Заеднички гранични контроли – проект "one stop shop"

Ваквиот вид на контроли се голема поволност во забрзувањето и олеснувањето на движењето преку државната граница. Ова е едно од можните решенија за значително забрзување на времето за завршување на граничните формалности по можност, на еден заеднички граничен премин, со единствено застанување и единствена контрола на патниците, стоката и превозните средства. Заради тоа по согледувањето на сите аспекти (инфраструктурни можности, организациска поставеност, можност за дополнителни вложувања и сл.), Царинската управа ќе иницира склучување на меѓународни договори за конкретни гранични премини на кои би се реализирал концептот на заеднички гранични контроли.




## IV.2. Е-ЦАРИНА

### IV.2.1. Нов софтвер за обработка на царински декларации

Проектот за воведување на новиот софтвер за обработка на царински декларации е дел од напорите за воведување на е-царина. Овој нов систем е во последна завршна фаза на тестирање. Согласно планот до крајот на 2018 година, овој софтвер кој беше долго најавуван, одолговлекуван и пролонгиран, ќе го ставиме во функција. Новиот софтвер за обработка на царинските декларации треба да го замени постоечкиот систем АСИКУДА, да ги елиминира долгите застои, прекини и исклучувања и неможност да се поднесат навремено царинските декларации.

### IV.2.2. EXIM




Електронскиот едношалтерски систем за издавање на увозни и извозни дозволи и тарифни квоти – EXIM (во функција од 2008 година) од година во година станува сè пософистициран и овозможува зголемена ефикасност во забрзување на царинските постапки, а континуирано расте и бројот на неговите регистрирани корисници.

**СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТАТА НА EXIM во 2017**

Број на инволвирани државни институции – **17**

Број на дозволи што можат да се добијат преку EXIM – **60**

Регистрирани **6.710** економски оператори – корисници на системот

Увозни, извозни и транзитни дозволи издадени преку EXIM – **91.593**

Барања за тарифни квоти поднесени преку EXIM – **7.214**

Просечно време за добивање на дозвола преку EXIM – **1,6** часа

## IV.3. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ РАБОТИ

### IV.3.1. Царински и акцизни одобренија и лиценци во 2017 година

**Застапување во царински постапки**

- *одобрение за вршење работи на застапување во царински постапки → 248*
- *физички лица – иматели на лиценци за вршење работи на застапување во царински постапки → 1.143*

**Царински постапки со економски ефект**

- *иматели на одобренија за увоз за облагородување → 172 трговски друштва*
- *иматели на одобренија за извоз за облагородување → 11 трговски друштва*
- *иматели на одобренија за царинско складирање → 86 трговски друштва*
- *издадени одобренија за еднократна примена → 5.574*

**Поедноставени царински постапки** – 215 одобренија за поедноставени царински постапки од кои:

- *48 одобренија за локално царинење при увоз,*
- *68 одобренија за локално царинење при извоз,*
- *60 одобренија за овластен примач во транзит,*
- *32 одобренија за овластен испраќач и*
- *7 одобренија за поедноставено декларирање.*

**Задолжителни тарифни информации (ЗТИ) → 575**

**Одобренија за одобрен извозник →** *во 2017 издадени 9 нови одобренија за одобрен извозник. Вкупниот број на издадени одобренија за одобрен извозник заклучно со декември 2017 →140 → активни 130*

**Одобренија за одложено плаќање → 192**

**Одобренија за акцизно повластено користење и акцизни дозволи**

- *одобренија за акцизно повластено користење по економски оператори → 313*
- *активни акцизни дозволи по економски оператори → 78.*

### IV.3.2. Обработени царински декларации - 1,02 милиони царински декларации

- *увозни* **(околу 44,59%)**
- *транзитни* **(околу 31%),**
- *извозни* **(околу 21,80%) и**
- *повторниот извоз* **(околу 2,61% од вкупно обработените декларации).**

**Учеството на поедноставените постапки во вкупните извозни и увозни постапки изнесува 27,96%.**

## IV.4. ПРОМЕТ НА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА (ТМВ) НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ВО 2017 ГОДИНА

На граничните премини за патен сообраќај вкупно транзитирале околу 839 илјади ТМВ→454 илјади полни, а околу 385 илјади празни ТМВ.

Најголем промет е остварен на граничните премини со Грција, и тоа околу 308 илјади ТМВ или околу 37%. Најголем промет по поединечни премини е остварен на ГП Богородица со околу 23% од вкупниот промет.



## IV.5. НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ

Во 2017 година Царинската управа успешно ја реализираше својата цел да ги заштити финансиските интереси на државата преку обезбедување на навремено и ефикасно прибирање на буџетските приходи.



**Во 2017 година Царинската управа го оствари и натфрли планот за наплата на јавни приходи. Поточно, во 2017 година Царинската управа по сите основи наплати вкупно 78.214,26 милиони денари, односно 1.267,7 милиони евра. Овој износ е:**

- поголем за 2% во однос на **планираниот приход** од 76.678,00 милиони денари и
- поголем за 7,2% во однос на **остварениот приход** во периодот јануари-декември 2016 во износ од 72.941,80 милиони денари.

**План и наплатата во 2017 година, споредено со истиот период од 2014 до 2016 година:**

во милиони денари

| ПЕРИОД | План 2017 | Остварено 2017 | Остварено 2016 | Остварено 2015 | Остварено 2014 |
|---|---|---|---|---|---|
| Јануари-декември | 76.678,00 | 78.214,26 | 72.941,80 | 67.233,68 | 63.064,30 |
| ИНДЕКС | Наплата/план 2017 | | 2017/2016 | 2017/2015 | 2017/2014 |
| Период 2017/'16/'15/'14 | 2,0% | | 7,2% | 16,3% | 24,0% |

## НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ – ЦУРМ за 2017 година




| Наплатени приходи ЦУРМ 2017 | (во мил. денари) |
|---|---|
| ЦАРИНА | 5.174,7 |
| ДДВ од увоз | 46.060,9 |
| АКЦИЗА | 26.314,9 |
| НАДОМЕСТОЦИ | 663,7 |
| **ВКУПНО НАПЛАТЕНО 2017** | **78.214,3** |
| ВКУПНО НАПЛАТЕНО 2016<br>2017/16 +7,2 % | 72.941,8 |
| ВКУПНО ПЛАНИРАНО 2017<br>2017/план +2,0 % | 76.678,0 |

- **ЦАРИНА** – 5,17 милијарди денари, што е за 8,7% повеќе во однос на 2016 година, кога беа наплатени 4,76 милијарди денари.
- **ДДВ** – 46,06 милијарди денари, што е за 9,4% повеќе во однос на 2016 година, кога беа наплатени 42,09 милијарди денари.
- **АКЦИЗИ** – 26,31 милијарди денари на акциза, што е за 3,6% повеќе во однос на 2016 година, кога беа наплатени 25,4 милијарди денари.
- **НАДОМЕСТОЦИ** – 0,66 милијарди денари на име надоместоци, што е за 2,5% помалку во однос на 2016 година, кога беа наплатени 0,68 милијарди денари.

*Царинската управа преку приходите што ги наплатува учествуваше со 73% во вкупните планирани даночни приходи за 2017 година.*

*Од друга страна, нашето учество на наплатени приходи во вкупните приходи на Буџетот на Република Македонија за 2017 година изнесуваше 42%,*



# V. КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Современиот пристап на работа налага улогата и задачите на Царината да бидат интегрирани во еден единствен систем за безбедност и контрола на границата, со што безбедносната функција ќе гарантира ефикасна борба против прекуграничниот организиран криминал, тероризмот, перењето пари, шверцот, нелегалната миграција и трговијата со луѓе.

## V.1. ЦАРИНСКА И ДРУГА КОНТРОЛА

### V.1.1. Физичка царинска контрола

Изминатата 2017 година имавме 289 успешни наоди, при што се открија и запленија 1.304 килограми дрога, 222 килограми режан тутун и 270 илјади парчиња цигари, 346 литри, 5.661 парче и 22.178 килограми разни видови на прехранбени производи, 56 илјади парчиња лекови, девизи во еквивалентен износ од 545 илјади евра и друго.



**Откриени случаи на нелегална трговија со наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурзори**

Во 2017 година спречени се 31 обид на шверц на околу 1.304 килограми опојна дрога – марихуана, екстази, хашиш, ЛСД, семе за марихуана, кокаин и хероин.




*На граничниот премин Блаце при влез во државата запленет е скоро 1 тон марихуана*



*На граничниот премин Блаце при влез во државата запленети се 66,5 кг марихуана.*



*На граничниот премин Блаце при влез во државата запленети се 22 кг марихуана.*



На граничниот премин Богородица при влез во државата запленети се околу 7 кг хероин.



На граничниот премин Богородица при влез во државата запленет е околу 1 кг хероин

**Откренi случаи на шверц на цигари и други тутунски производи**

Во 25 случаи во 2017 година, царинските службеници спречија шверц на околу 270 илјади парчиња цигари и 222 килограми режан тутун. При откривање на цигарите користена е опремата донирана преку Програмата EXBS на Амбасадата на САД.



200 килограми тутун за водено луле откриени во товарно моторно возило на граничниот премин Богородица, влез во државата



26.000 цигари со македонски акцизни маркички, откриени на ГП Богородица во плинска боца на возилото

### Спречени обиди за шверц на храна

Во 2017 година спречени се 22 обиди за шверц на 22.178 килограми, 5.661 парчиња и 346 литри разни прехранбени производи



*Околу 9 тони домати и краставици откриени на царинската испостава Гевгелија.*



*84 кг сушено месо и суџук откриени на граничниот премин Блаце.*

### Открени случаи на шверц на лекови

Во 10 случаи во 2017 година, спречен е шверц на околу 56 илјади парчиња лекови.



*На граничниот премин Богородица откриени се 2.184 лекови.*




*19.245 лекови откриени при претрес на автобус на граничниот премин Блаце.*

## Спречени обиди за нелегален пренос на готови пари и хартии од вредност

Во 51 случаи во 2017 година, царинските службеници спречија нелагално пренесување на околу 545 илјади евра.



Откриени и одземени 105.000 евра кај патник на граничниот премин Аеродром, излез од државата.



155.000 дански круни пронајдени кај патник на граничниот премин Аеродром, излез од државата.

## Откриени случаи на шверц на разна стока

Во текот на 2017 година, царинските службеници спречија 157 обиди за шверц на 25 тони, 222 литри и 50.600 парчиња разна стока.



1 пиштол, 4 гасни цилиндри и 120 метални дијаболи, откриени при контрола на турски автобус пријавен за влез во државата на граничниот премин Богородица



На граничниот премин Деве Баир при влез во државата се откриени непријавени 980 парчиња рачни часовници.

### V.1.2. Документарна царинска контрола

Во 30.874 случаи откриени несоодветни документи со кои увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 1.059 милиони денари на име увозни давачки.

## V.2. РЕЗУЛТАТИ ОД ПОСТЦАРИНСКА КОНТРОЛА

**Постцаринската контрола опфаќа контрола кај трговските друштва по спроведено царинење, како и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки, акцизни дозволи и др.**

Во 2017 година спроведени се 144 контроли на трговски друштва при што се откриени:

- *41 случај на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки во вкупен износ од околу 24,16 милиони денари. Во 19 случаи утврдено е непридржување кон обврските од издадено одобрение за увоз за облагородување, царинско складирање и одобрен извозник.*
- *Од контролирани 32 корисници на течен нафтен гас како погонско гориво, во 7 случаи се откриени барања на поврат на акциза во поголем износ од законски пропишаниот. При 9 контроли на регистрирани трговци со минерални масла кои содржат материи за обележување на горивата откриени се 4 случаи на кршење на Законот за акцизите и Законот за енергетика.*
- *При 33 контроли на иматели на акцизни дозволи откриени се 6 случаи на помалку платена акциза во износ од 5.744.888 денари и 6 случаи на непридржување на обврските од акцизната дозвола или одобрение. За откриените прекршоци е спроведена соодветна прекршочна постапка.*

## V.3. ДОПОЛНИТЕЛНА НАПЛАТА НА УВОЗНИ И АКЦИЗНИ ДАВАЧКИ

Во 2017 година донесени се 1.438 решенија на име дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ, во вкупен износ од околу 244,48 милиони денари.

## V.4. КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ

60 кривични пријави против 67 физички и 29 правни лица.

Структурата на кривични дела е разновидна, а најчесто станува збор за неовластено производство и промет со наркотици (20 случаи), царинска измама (17 случаи), кршење на права од интелектуална сопственост (14 случаи), фалсификување документација (11 случаи) и др.

## V.5. ЦАРИНСКИ, ДЕВИЗНИ И АКЦИЗНИ ПРЕКРШОЦИ

2017 година:

- *Поднесени **384 прекршочни пријави** (325 за царински, 49 за девизни и 10 за акцизни прекршоци. Од вкупно поднесените пријави 345 се однесуваат на физички лица и 39 на правни лица.)*
- *Решени **401 прекршочен предмет** (притоа на сторителите им е изречена **глоба во износ од 22,65 милиони денари**)*
- *Изречени **2.228 мандатни казни** против 1.355 физички лица и 873 правни лица (при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 22,77 милиони денари).*

## V.6. УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ОПЕРАЦИИ

Учествувавме во 14 меѓународни операции, организирани од Светската царинска организација, Европол, Интерпол, Фронтекс, Регионалните разузнавачки канцеларии за врска (RILO AP, RILO ECE), СЕЛЕК итн.

## V.7. ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

**Еден од главните приоритети на Царинската управа е унапредување на институционалниот и административниот капацитет за ефикасна и ефективна борба против фалсификатите и пиратеријата, преку воведување на зајакнати мерки на царинска контрола за откривање и спречување на увоз, транзит и извоз на стоки што го повредуваат правото од интелектуална сопственост, како и зголемена соработка со носителите на ова право и нивните застапници во Република Македонија, од една страна, како и со сите надлежни институции во земјата и странство, од друга.**



Во 2017 година:

- *Привремено задржани 721.093 парчиња стока, откриени во 56 акции поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост.*
- *По потврдена повреда на право од интелектуална сопственост, под царински надзор уништени 415.300 парчиња фалсификувани производи: чоколадни јајца, чоколадни бонбони, чорапи, 11.886 прехранбени производи (тулумби, баклави и колачи), обувки, облека, опрема за автомобили, дезодоранси, часовници, дијагностички уреди за моторни возила, мобилни телефони и друго.*
- *Бројот на* ***регистрирани барања за царинска заштита на трговски марки во однос на права од интелектуална сопственост*** *изнесува 970.*
- *Утврдени нови количини за отстапување на одземена стока од магацините на Царинската управа (1.908 пара обувки, 920 блузи, 460 кошули, 170 маици, 156 јакни, 100 фармерки, 80 хеланки и др.) за кои постои законска можност за бесплатно отстапување (фалсификувана стока од вид облека и обувки), по претходно исполнети услови, согласно позитивните законски прописи. Оваа стока потоа ќе биде отстапена на Министерството за труд и социјална политика за доделување до социјално ранливи категории или за санирање на последици од елементарни непогоди.*



# VI. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

Транспарентноста на една институција е клучна при воспоставувањето на добри односи со сите целни групи и градење на поволен публицитет, добар институционален имиџ и спречување или решавање на несакани појави.

## VI.1. ПОЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ

- Одбележан **26-ти јануари – Меѓународниот ден на царината што беше одбележан под мотото „Анализа на податоци за ефективно гранично управување“**. Пофалници од г-дин Кунио Микурија, генерален секретар на СЦО, им беа доделени на 12 царински службеници заради особен придонес и залагање.
- **Царинската управа одбележа 25 години од своето постоење** како самостоен државен орган, одржувајќи традиционална свечена церемонија и организирајќи **крводарителска акција** на која својата хуманост ја покажаа над 150 царински службеници.
- Во текот на месец април промовирана е јавната кампања **„Стоп за фалсификуваните производи“**, со цел подигнување на свеста на граѓаните за штетните последици од фалсификуваните производи.
- Во септември 2017 година на свечена церемонија на граничниот премин Блаце, **Амбасадата на САД преку Програмата EXBS[1] и Меѓународната програма за помош и обуки при водење кривични истраги (ICITAP[2]), донираа опрема наменета за спречување на**



[1] *EXBS Program – Export Control and Related Border Security Program – (Програма за контрола на извозот и гранична безбедност)*
[2] *ICITAP – International Criminal Investigative Training Assistance Program (Меѓународна програма за помош и обуки при водење кривични истраги на Министерството за правда на САД)*

**незаконско тргување со стоки.** Донацијата, во вкупна вредност од 207 илјади американски долари, вклучува опрема за попречување прекугранични криминал (видеоскопи, бустери, пејџери за откривање радијација и алат), компјутери, патролно возило и теренски возила.



- Во период од 30 ноември до 1 декември 2017 година, во организација на Царинската управа и со поддршка на УСАИД и Светска Банка/IFC, во Скопје се одржа **Неформален регионален состанок на директорите на царинските управи од Западен Балкан**. Главната цел на состанокот беше подготовка на заеднички пристап на царинските служби од регионот со цел унапредување на економската соработка во Западен Балкан.



## VI.2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Учество на делегација на Царинската управа на:

- **Состаноци на највисоките тела на Светската царинска организација: седница на Советот за царинска соработка и состанок на директорите на царинските служби од Европскиот регион.** На маргините на седницата на Советот беше потпишан **Протокол за размена на документи и информации поврзани со царинска вредност на стока** и Работен план за негова реализација со Руската Федерација.
- **Семинар на високо ниво за долгорочна стратегија за имплементација на царинските ИТ системи**, одржан во септември 2017 година во Талин – Естонија.



- **14-тиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување**, што се одржа во Брисел во ноември 2017 година.
- **30-от состанок на Мешовитата Комисија на ЕУ-ЕФТА за заеднички транзит и поедноставување на формалностите при трговија со стока**, што се одржа во декември 2017 година во Осло, Норвешка.

## VI.3. БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА



**Во октомври 2017 година**, во официјална посета на **Царинската управа на Република Македонија** престојуваше делегација на **Царинската управа на Република Хрватска**, предводена од г-дин Хрвоје Човиќ, генерален директор и помошник министер за финансии. Оваа средба беше мошне важна за стекнување и размена на искуства од повеќе области, со цел исполнување на потребните услови за членство во ЕУ.



**Во ноември 2017 година** во Белград се одржа билатерална средба помеѓу делегации на **Царинските управи на Република Македонија и Република Србија.** Состанокот на делегациите предводени од директорите на двете служби се одржа во насока на зајакнување на соработката помеѓу двете земји.

## VI.4. СОРАБОТКА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА

Взаемната соработка и континуираната комуникација со сите економски чинители е од особена важност за Царинската управа и во таа насока во 2017 година беа остварени бројни средби со бизнис заедницата.

- Во септември 2017 година се одржаа повеќе работни средби со бизнис заедницата:
    - *Работен состанок со* ***претставници на Групацијата на преработувачи на месо и производство на преработки од месо*** *како резултат на согледаната потреба за зголемување на конкурентноста на домашните компании кои вршат преработка на месо;*
    - *Работна средба со* ***претставници од Текстилен кластер****, на која се разговараше за предизвиците со кои се соочува текстилната индустрија во своето работење, како и за можностите за подобра примена на царинските постапки и регулатива во насока на олеснување на работењето на текстилниот кластер;*
    - *Во амфитеатарот на Царинската управа, се одржа работна средба на која присуствуваа* ***голем број претставници од деловната заедница****;*




- *Директорот на Царинската управа присуствуваше на седницата на Управниот одбор на* ***Македонско турска стопанска комора (МАТТО)****, со цел запознавање со членовите на Управниот одбор, како и со актуелните теми во трговското работење помеѓу Република Македонија и Република Турција.*



- Во соработка со министерот без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните компании, **во октомври 2017 година**, во Царинската управа, се одржа **работен состанок со претставници на околу 15 домашни компании**. На состанокот присутни беа претставници и од други државни институции со цел споделување на мислења и заеднички да се пронајдат најсоодветните решенија за проблемите и потребите на домашните компании.
- Во просториите на Царинската управа **во ноември** се одржа **презентација иницирана од стопанските комори и поддржана од повеќе профили на учесници** (увозници, извозници, застапници во царински постапки и професори), на која е презентиран патоказот по кој ќе се менуваат прописите во царинското работење во период од 5 години.
- **Царинската управа и Универзитетот „Мајка Тереза“ во ноември 2017 година потпишаа „Меморандум за соработка“**, со што ја изразија намерата на страните потписнички за меѓусебна соработка и заедничката цел за воспоставување на долгорочна соработка на полето на техниката, образованието и науката преку организирање и изведување на практична настава за студентите на Универзитетот во рамките на неговата дејност и научните истражувања од областа на царинското работење.

## VI.5. ИНТЕРНЕТ И ИНТРАНЕТ

Царинската управа разви нова интернет страница, согласно најновите технолошки решенија и принципите на транспарентност и отчетност во своето работење, а со цел ефикасно споделување на информации до целната публика и подобрување на позитивното мислење преку промоција на својата работа и постигнати резултати. Новата интернет страна е пуштена во употреба во мај 2017 година, а за првпат е достапна и на следниот кириличен домен: „царина.мкд“. Дополнително е зголемена и можноста за пристап до информациите и за лицата со инвалидност, со воведување на стандардот за веб пристапност[3].




[3] *WCAG 2.0 (http://wcag.mioa.gov.mk)*



**Подготвува и издава:**
ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Ул. Лазар Личеновски 13, 1000 Скопје
www.customs.gov.mk

**Дизајн и печати:**
Европа 92 – Кочани
**Тираж:**
150 примероци

